# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕ [2024]

**Здружение на граѓани**
**АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ИНКЛУЗИВЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ – СИГА**

03.03.2025

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕ [2024]

## Визија

Во нашата визија се залагаме за иднина во која граѓаните имаат висок квалитет на живот, а Северна Македонија е развиена демократија во која има еднакво учество на жените и мажите на извршни јавни позиции, сиромаштијата и класните разлики се сведени на минимум, работничките права се почитуваат, каде има владеење правото и правната држава и се почитуваат европските вредности.

***"Мисијата на Асоцијацијата е да ги промовира и поддржува демократските процеси, да придонесува за инклузивен, праведен и одржлив развој преку истражувања, анализи и предлози на прогресивни, праведни и родово освестени јавни политики почитувајќи ја партиципативната култура."***

# Цели

• Поддршка на ненасилни, инклузивни, партиципативни, родово освестени демократски промени во Северна Македонија
• Подобрување на квалитетот на животот и придонес за праведен и одржлив развој
• Анализа на постојни политики и развој на иновативни предлози за праведно унапредување на процесите во оптшеството
• Регионална и меѓународна соработка при развој на прогресивни јавни полиитки
• Едукација за праведни јавни политики на прогресивни млади граѓани

# Вредности

Вредностите се водечка основа и стандард на работење на Асоцијацијата. Вредностите се вградени во сите иницијативи кои ги спроведува центарот и се очекува од сите вработени и соработници да ги почитуваат и да се раководат од истите. Донесувањето на одлуки, како и проценката на одредени општествени состојби и ситуации исто така се гледаат низ призмата на вредностите на Центарот.

Наши вредности се следниве:
**Праведност** - Ги промовираме и практикуваме принципите на праведност, еднаков третман и можности, почитувајќи ги индивидулните потенцијали. Промовираме социјална инклузија, интеграција и кохезија.
**Мултикултурализам** – Културната разновиднст ја сметаме за предност и се залагаме таа да се осигура во сите наши интерни процеси и застапуваме да се практикува во сите општествени процеси.
**Вклученост на жени** – Обезбедуваме вклученост на повеќе од 50% жени во сите наши процеси и активности како и извршни функции.
**Транспарентност** – Практикуваме и застапуваме отворен, транспарентен и одговорен начин на работење и однесување.
**Отчетност** – За сите наши активности и иницијативи отчетно ги известуваме нашите основачи, раководни органи, парнерите и соработниците, инстититуциите, како и пошироката заинтересирана јавност.
**Интегритет** -Делуваме независно, професионално и со највисоки морални и етички принципи за постигнување на однапред зацртаните стратешки цели.
**Партнерство и соработка** - обезбедуваме вклученост и соработка во процесите на донесување одлуки со сите релевантни чинители. Градиме партнерства кои придонесуваат кон заштита на јавениот интерес.

# Главни активности во 2024 година

## 1. Иницијатива за лидерство на девојки за зајакнување на заедницата (Girls' Leadership Initiative for Community Empowerment)

***Опис на програмата***

Иницијатива за лидерство на девојки за зајакнување на заедницата е програма која имаше за цел да зајакне 15 млади девојки на возраст од 21-29 години од Источниот регион во Северна Македонија, со специфичен фокус на општините Кочани, Пробиштип, Виница и Чешиново-Облешево.

Одлуката да се даде приоритет на Источниот регион се заснова на препознавање на уникатните предизвици и ранливости со кои се соочуваат младите девојки во овие претежно рурални области. Во Источниот регион, младите девојки често наидуваат на ограничени можности и специфични пречки во споредба со нивните урбани колеги. Регионот се соочува со висок ризик од миграција бидејќи многу млади луѓе, вклучително и девојчиња, бараат подобри економски изгледи во поголемите градови или во странство. Покрај тоа, Источниот регион се бори со високата стапка на невработеност, што претставува значителни предизвици за младите девојки кои бараат економско зајакнување и стабилна егзистенција. Недостатокот на различни економски можности во руралните области дополнително ги маргинализира и го попречува нивниот пристап до ресурси за личен развој и развој на заедницата. Дополнително, активизмот на НВО во Источниот регион е релативно понизок отколку во урбаните области, што резултира со ограничен пристап до ресурси и иницијативи водени од заедницата. Иницијативата за лидерство на девојки ја препозна итноста за обезбедување можности за зајакнување и градење капацитети за поттикнување активно граѓанство и ангажман во заедницата.Иницијативата за лидерство на девојки за зајакнување на заедницата преставува програма насочена кон зајакнување на 15 млади девојки на возраст од 21-29 години од Источниот регион на Северна Македонија (Кочани, Пробиштип, Виница и Чешиново-Облешево). Целта на програмата беше да ги развие нивните лидерски вештини, да ги поттикне на активно граѓанство и да ги подготви за учество во заедницата преку различни обуки, менторство и проекти.

Програмата се реализираше во период од седум месеци, при што учесничките учествуваат во работилници и активности поврзани со лидерство, управување со проекти, ефективни комуникациски стратегии и проекти за социјална ревизија за развој на заедницата,. Поддржана од шест обучувачи и експерти, иницијативата вклучи млади жени од ранливи категории.

Програмата се реализираше со финансиска поддршка од Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ), во рамките на регионалниот проект „Социјална инклузија на ранливите групи на Западен Балкан“.

***Времетраење на програмата***

Програмата се реализираше во период од седум ипол месеци, од септември 2023 година до 15 април 2024 година.

***Профил на учесничките***

Учеснички во програмата беа млади девојки на возраст од 21 до 29 години, кои потекнуваат од Источниот регион на Северна Македонија, вклучувајќи ги општините Кочани, Пробиштип, Виница и Чешиново-Облешево. Учесничките беа од различни ранливи категории, меѓу кои девојки со ограничени економски можности, лица изложени на висок ризик од миграција, самохрани мајки, девојки од ромската заедница и други.

***Главни активности на Програмата***

1. Реализација на програма за обука – работилници и менторство за развој на лидерски и комуникациски вештини, младински активизам и спроведување на проекти во заедницата.
2. Анализа на релевантни документи – истражување во областа на вработувањето и локалниот економски развој и мрежа за соработка во заедницата.
3. Проекти за социјална ревизија – проценка на потребите и состојбата на ранливите заедници и предизвици во заедницата и дизајн и имплементација на мини-проекти во заедницата од страна на учесничките со поддрчка на ментори/ки.
4. Застапување и комуникациски активности – промоција на родова еднаквост и социјална инклузија и промоција на проектите во заедницата пред локалните власти.

***Активности во 2024 година***

Во 2024 година, како втора фаза од спроведување на проектот, по завршената сеопфатна програма за обука во 2023 година, учесничките со поддршка на ментори дизајнираа и спроведоа четири проекти во заедницата, во градовите Кочани, Виница, Чешиново-Облешево и Пробиштип. Овие проекти беа насочени кон решавање на различни општествени предизвици и вклучуваа активности поврзани со социјалната ревизија и застапување.

***Реализирани мини-проекти во заедницата од страна на учесничките со поддрка на ментори - проекти по општини и постигнати резултати (2024 година):***

**Кочани – Проект „Чиста средина“**

**Цел**: Подигнување на свеста за зачувување на животната средина и поттикнување на одговорно управување со отпадот.

**Клучни активности**:

- ✓ Истражување на терен за динамиката на празнење на контејнерите.
- ✓ Изработка и дистрибуција на анкетни прашалници и флаери за информирање на граѓаните.
- ✓ Соработка со локалното комунално претпријатие за подобрување на услугите за чистење.
- ✓ Организирање акција за чистење на дива депонија.
- ✓ Поднесување барање до локалните власти за редовно чистење на депонијата и поставување дополнителни контејнери.

**Постигнати резултати**:

- Зголемена свест кај граѓаните за важноста на одржување на чиста животна средина.
- Подобрена комуникација и соработка со локалното комунално претпријатие.
- Намалување на отпадот на критичните локации преку организирани акции за чистење.
- Зголемен интерес од страна на локалната самоуправа за подобрување на системот за управување со отпад.

**<u>Виница – Проект „Безбедност на учениците“</u>**

**Цел**: Подобрување на безбедноста на учениците во сообраќајот и решавање на проблемот со кучиња скитници околу училиштата.

**Клучни активности**:

1. Спроведување онлајн анкета за родителите и учениците.
2. Организирање јавна трибина за безбедноста на учениците и третманот на кучињата скитници.
3. Организација на граѓанска акција за поставување на алтернативни сообраќајни знаци.
4. Изработка на *Policy brief* со препораки за локалните власти.
5. Презентација на наодите пред градоначалникот и општинската администрација.

**Постигнати резултати**:

- Подигната свест кај родителите, учениците и наставниците за ризиците поврзани со безбедноста на учениците во сообраќајот.
- Вклученост на локалните власти во дискусија за подобрување на безбедносните мерки околу училиштето.
- Покрената иницијатива за унапредување на сообраќајната сигнализација и регулирање на проблемот со кучињата скитници.
- Подобрена информираност на јавноста преку традиционални и социјални медиуми.

**Чешиново-Облешево – Проект „Пристап до социјални услуги за деца со попреченост“**

**Цел**: Подобрување на пристапот до социјални услуги за децата со попреченост во општината.

**Клучни активности**:

1. Анализа на постојните услуги и идентификација на проблеми и бариери.
2. Организирање на едукативни работилници за деца и персонал во градинките за подигнување на свеста за инклузијата.
3. Подготовка на анализа и препораки за подобрување на пристапот до социјални услуги.
4. Промоција на наодите преку јавни настани и соработка со медиумите.

**Постигнати резултати**:

- Поголема информираност на родителите и наставниот кадар за потребите и правата на децата со попреченост.
- Воспоставен дијалог со релевантните институции за подобрување на пристапот до социјални услуги.
- Зголемена свесност кај локалните власти за предизвиците со кои се соочуваат децата со попреченост и нивните семејства.
- Поттикнати иницијативи за подобрување на инклузивните политики на локално ниво.

**Пробиштип – Проект „Унапредување на патронажните услуги“**

**Цел**: Мониторинг и подобрување на патронажните услуги за мајки и деца во општината.

**Клучни активности**:

1. Спроведување анкетно истражување со новородени мајки и бремени жени за искуствата со патронажните посети.
2. Интервјуа со здравствени работници и локални власти за тековните услуги и можности за подобрување.
3. Подготовка на информативни материјали за жените поврзани со патронажните посети.

**Постигнати резултати**:

- Подобрена информираност на мајките за правата и услугите што ги нуди патронажната служба.
- Воспоставен дијалог со здравствените институции за унапредување на услугите.
- Идентификувани предизвици и препораки за подобрување на достапноста и квалитетот на патронажните посети.
- Подигната свест за важноста на континуираната грижа за мајките и новороденчињата преку зајакнување на локалните здравствени услуги.

Вредност на Проектот: 2.914.515,00 денари (47.400 ЕУР) / 2023 и 2024

## 2. Проект: „Зајакнати – Вклучување на лицата со попреченост, регионална соработка и развој на Западен Балкан“/“Empowered: Inclusion of persons with disabilities, regional cooperation and development in the Western Balkan region”

***Опис на проектот***

Проектот „Зајакнати“ имаше за цел подобрување на социјалната инклузија на лицата со попреченост преку регионална соработка, истражување и поддршка на локални политики. Фокусот е на зајакнување на капацитетите на институциите, идентификација на предизвиците и создавање одржливи решенија за унапредување на правата и услугите за оваа ранлива група.

***Поддршка и спроведување***

Финансиска поддршка: Проектот е финансиран од Германското Сојузно Министерство за економска соработка и развој (BMZ).
Спроведувач: Проектот го спроведува Arbeiter-Samariter-Bund Deutschland e.V. (ASB), Канцеларија во Србија.
Партнерски организации:

- Sustainable Inclusive Growth Association (SIGA) – Северна Македонија
- Qendra Economic Social Analytics – Албанија
- Други регионални партнери

***Времетраење на проектот***

Проектот се спроведуваше во периодот од ноември 2023 до март 2024 година.

***Соработка и улога на СИГА***

Асоцијацијата СИГА (Sustainable Inclusive Growth Association) има клучна улога во анализата на ефектите на социјалните реформи во Северна Македонија од 2019 година, преку изработка на физибилити студија за Проектот Зајакнати – Вклучување на лицата со попреченост, регионална соработка и развој на Регионот Западен Балкан, за ппроектните активности во Македонија, повзано со одржливоста на социјалните реформи од 2019 година, со фокус на влијанието врз лицата со попреченост. Анализата послужи како основа за препораки за подобрување на институционалните механизми и пристапот до социјални услуги.

***Клучни активности***

1. Истражување и анализа на социјалните реформи: Анализа на политиките и механизмите за социјална инклузија на лицата со попреченост; Оценка на имплементацијата на реформите од 2019 година и нивните ефекти; Идентификација на недостатоци и препораки за подобрување.

2. Регионална соработка и размена на добри практики: Размена на искуства со партнерски организации од Западен Балкан; Анализа на успешни модели од други земји и нивната примена.
3. Поддршка за локални политики и застапување: Организирање на средби со институции за дискусија на заклучоците; Подготовка на препораки за подобрување на социјалните услуги; Промоција на резултатите преку јавни настани и медиумски објави.

***Постигнати резултати***

- Детална студија за влијанието на социјалните реформи.
- Зголемено знаење на институциите за предизвиците на лицата со попреченост.
- Развиени препораки за подобрување на социјалната заштита.
- Зајакната соработка помеѓу ГО и државните институции.
- Подигната свест за важноста на инклузијата на лицата со попреченост.

Проектот „Зајакнати“ е значаен чекор во подобрување на општествената инклузија и пристапот до услуги за лицата со попреченост во Западен Балкан. Преку истражување, регионална соработка и застапување, проектот даде придонес во создавање на одржливи решенија и подобри политики. СИГА, имаше клучна улога во анализата на реформите и развојот на препораки за нивно подобрување, што придонесува кон поквалитетни и инклузивни социјални политики во Северна Македонија и регионот.

<u>Вредност СИГА: 251,126,00 денари / 2024</u>

## 3. Прирачник за општините: Користење на можностите од Законот за јавни набавки за обезбедување здравствени, социјални и културни услуги преку граѓански организации

***Краток опис***

Прирачникот е изработен со цел да им помогне на општините во Северна Македонија да ги искористат можностите што ги нуди Законот за јавни набавки (ЗЈН) за склучување резервирани договори со граѓански организации (ГО) за обезбедување здравствени, социјални и културни услуги.

Прирачникот нуди систематски водич за локалните самоуправи, опфаќајќи ги правните аспекти, конкретните механизми за имплементација, како и примери на успешни меѓународни практики. Покрај тоа, прирачникот ги истакнува придобивките од партнерствата помеѓу општините и ГО, со цел подобрување на достапноста, квалитетот и ефикасноста на јавните услуги.

Проектот е финансиски поддржан од Фондацијата „Фридрих Еберт“ (ФЕС) и реализиран од Асоцијацијата СИГА во рамки на иницијативата „Граѓанските организации како посредници во одржливиот локален развој“.

***Клучни цели на прирачникот***

- Да им овозможи на општините јасно разбирање за правната рамка за резервирани јавни набавки и нивната примена.
- Да ги претстави можностите и механизмите за ангажирање на граѓанските организации преку јавни набавки во здравството, социјалната заштита и културата.
- Да обезбеди детален преглед на регулативите за социјални услуги и нивната примена на локално и регионално ниво.
- Да понуди практични насоки за процесот на подготовка и објавување на повици за резервирани договори.
- Да презентира успешни примери од други земји, кои можат да служат како модел за добра практика.

***Клучни активности***

1. Изработка на Прирачник, кој вклучува: Правни аспекти на резервираните договори; Развој и подобрување на системот на социјални услуги; Студии на случаи и примери на добри практики; Анализа на релевантната правна регулатива и идентификација на можностите за соработка со ГО; Истражување на меѓународни примери и изработка на студии на случај за илустрација на успешни партнерства меѓу општините и ГО; Подготовка на формат за објава на набавки за резервирани договори за специјални услуги; Финализирање и објавување на прирачникот за користење од страна на општините.

2. Презентација на прирачникот пред претставници на општините во рамки на обука организирана од ФЕС.

3. Претставување, презентација и интерактивна дискусија за прирачникот и негова примена на Четвртиот социо-еколошки форум (Socio-Ecological Forum), одржан на 2-3 јуни 2024 во Скопје, каде што се дискутираа можностите за социјално праведна енергетска транзиција и улогата на ГО како посредници во овој процес.

***Постигнати резултати***

- Подобрена информираност и разбирање на општините за можностите што ги нуди ЗЈН за резервирани договори.
- Поголема транспарентност и отчетност во јавните набавки.
- Ефикасно искористување на потенцијалот на ГО за побрзо и подобро обезбедување на социјални услуги.
- Зајакнување на соработката помеѓу општините и ГО, со цел подобро планирање и реализација на услуги за граѓаните.
- Поттикнување на локалниот и регионалниот развој, преку унапредување на пристапот до социјални, здравствени и културни услуги.

Вредност на активностите: 105.000,00 денари / 2024

## 4. Проект: „Пропушти ја дезинформацијата“/ „Miss the Misinformation“

***Краток опис на проектот***

Проектот „Miss the Misinformation“ има за цел да се спротивстави на родово базираната дезинформација преку едукација, граѓански активизам и медиумска писменост. Со примена на мултидимензионален пристап, проектот ќе ја подигне свеста за штетните ефекти на дезинформациите, ќе ги зајакне капацитетите на жените лидери и активисти за препознавање и спротивставување на лажните вести и ќе ја поттикне активната улога на заедницата во борбата против дезинформациите.

Проектот е финансиски поддржан од Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) и го спроведува Асоцијацијата СИГА (Sustainable Inclusive Growth Association) во 2024 година.

***Клучни цели на проектот***

- Намалување на ширењето на родово базирани дезинформации во малите градови и руралните средини.
- Подобрување на медиумската писменост и критичкото размислување кај жените активистки, новинар(к)ите и граѓаните.
- Зајакнување на локалните капацитети за справување со дезинформации преку лидерство, соработка и граѓански активизам.
- Поттикнување на јавна дискусија за дезинформациите поврзани со родовата еднаквост.

***Клучни активности***

1. Подобрување на капацитетите на жени лидери за борба против дезинформации: Мапирање на релевантни чинители - Проектот идентификуваше и вклучи жени активистки, млади новинари, граѓански организации и локални власти во креирањето и имплементацијата на активностите; Обука за медиумска писменост и справување со дезинформации; Организација на дводневна обука за 14 жени лидери од Куманово, Велес, Чашка, Виница, Кочани, Кавадарци  и Скопје; Изградба на локална мрежа на информирани лидери за борба против дезинформации; Развивање на стратегии за идентификација, реагирање и спротивставување на родови дезинформации; Пристап до проверени информации; Обучени активистки ги развија своите вештини за проверка на информации; Идентификување на најраширени родови дезинформации во својата заедница; Развивање на комуникациска стратегија за нивно разобличување.
2. Подобрување на механизмите за учество и соработка во заедницата: Јавни дебати и дискусии во заедницата (одржани во Тетово, Велес, Струмица и Куманово), со учество на граѓани, активисти и локални власти, за дискусија за разоткривање на родовите дезинформации и нивното влијание врз општеството.

3. Менторирано пишување и медиумска промоција: Подготвување два аналитички текста од страна на жени лидери и млади новинари, со поддршка од искусни новинари; Објавување на текстовите во локални медиуми и на платформите Jasno.mk (македонски) и Qartë.mk (албански).
4. Мониторинг и евалуација: Следење на учеството на граѓаните во активностите и нивниот ангажман во справувањето со дезинформации; Идентификување на можности за унапредување на механизмите за заедничка акција.

***Целни групи:*** Жени активистки и граѓански организации – зајакнување на нивната улога во борбата против дезинформациите; Млади новинари – поддршка за објективно и одговорно известување за родовите прашања; Локални власти – вклучување во решенија за справување со родови дезинформации; Граѓани, особено млади – поттикнување на критичко размислување и активно учество.

***Постигнати резултати***

- Зајакнати капацитети на жените лидери за препознавање, спротивставување и разобличување на родовите дезинформации.
- Зголемена медиумска писменост кај целните групи, мерена преку претходни и последователни проценки.
- Подобрена комуникација и соработка помеѓу граѓаните, новинарите и локалните власти за справување со дезинформации.
- Подигната јавна свест преку инфо-кампањи, јавни дебати и објави во медиумите.
- Придонес кон намалување на родовата дезинформација во локалните заедници, преку граѓански активизам и конкретни реакции.

Проектот „Miss the Misinformation“ претставува значаен чекор во справувањето со родовите дезинформации, особено во руралните средини. Со комбинација на едукација, активизам и медиумска поддршка, проектот даде придонесе за создавање на поинформирани и поотпорни заедници, кои активно се спротивставуваат на дезинформациите и промовираат родова еднаквост и критичко размислување.

<u>Вредност на Проектот: 389.000,00 денари (6.800 ЕУР)/ 2024</u>

Здружение на граѓани
АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ИНКЛУЗИВЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ – СИГА
03.03.2025 година